Г Р А Д   С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Зоран Лапевски – раководител

на Сектор за комунални работи

# П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Сарај, Шуто Оризари) за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини

Скопје, февруари 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ број 5/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија “ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ та седница, одржана на _______2022 година, донесе

**ОДЛУКА**

за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Сарај, Шуто Оризари) за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Сарај, Шуто Оризари) и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини во надлежност на општините во градот Скопје.

**Член 2**

Градот Скопје во остварувањето на соработката ќе учествува со реконструкција и хортикултурно уредување на постоечките зелени парковски површини и садење на нови садници и цвеќе со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје - подпрограма ЈМ0 482930 во период 2022-2023 година, во износ од по 10.000.000,00 денари за секоја од општините во градот Скопје.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со градоначалниците на општините во градот Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Градот Скопје ќе ја спроведе оваа активност преку ЈП Паркови и зеленило - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 07-
_________2022 година

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TËSHKUPIT

Скопје ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука се член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), со кои е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, односно можноста за вршење на своите надлежности, општините меѓусебно да соработуваат и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09) каде е утврдено дека меѓуопштинската соработка се воспоставува заради вршење работи од надлежност на општините заради остварување на заеднички цели.

Таквата начелна можност е подетално разработена во Законот за меѓуопштинска соработка (“ Службен весник на РМ “ бр. 79/09). Една од можностите, што е определена со член 30 од Законот, е правото на општините и Град Скопје да можат да здружуваат финансиски, материјални и други средства за реализација на заеднички проекти при извршувањето на своите надлежности. Ставот 2 од истиот член пак прецизира дека за здружување на финансиски, материјални и други средства, се склучува договор. Договорот го склучуваат градоначалниците на општините кои здружуваат финансиски, материјални и други средства, по претходно донесени одлуки на советите на општините.

Поаѓајќи од таквата можност, а по претходно утврдена потреба, за воспоставување на соработка помеѓу градот Скопје и општините во градот Скопје, за зголемување на зеленилото на јавните површини, преку реконструкција и ново подигнување и хортикултурно уредување на површини во надлежност на општините во градот Скопје со што ќе се овозможи активно користење на зелените површини од страна на граѓаните на градот, аргументирани од администрациите на Град Скопје и општините во градот Скопје, го оценуваат како еден од заедничките приоритети. Градоначалниците на Град Скопје и општините во градот Скопје со заемна согласност, на Советот на Град Скопје и на Советите на општините во градот Скопје, предлагаат да се донесе Одлука за воспоставување соработка. Град Скопје е согласен да учествува во реализација на истата со финансиски средства во износ од 10.000.000,00 денари во период од 2022-2023 година за секоја од општините во градот Скопје.
Врз основа на изнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.